# ЗА КОЧАНИ ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Јас сум Љупчо Папазов, оженет и татко на две деца. Кандидат сум за градоначалник на Општина Кочани, местото каде што сум се родил, сум израснал, школувал и сум стекнал многу пријатели. Чест и привилегија е да барам поддршка и доверба да го водам мојот роден град.

По професија сум економист. Професионалното искуство и личните успеси од неколку децении работа во приватниот сектор ми дава за можност да ги ставам моите квалитети на располагање за успешно менаџирање со општината.

Кочани е град на мојата младост, град на мојата зрелост но и град на мојот немир предизвикан од лошите решенија, современите закани од климатски, здравствени и сигурносни ризици. Истите го прават ранлив, неотпорен и изложен на нефункционални избрзани и неприфатливи решенија за потребите на граѓаните.

За жал во изминатиот период во Кочани се изгуби енергијата и надежта на граѓаните за подобра иднина. Негативните ефекти од промашените политики на власта се проследени со непреземањето на одговорност и таложење на нерешеноста на проблемите.

Кочани заслужува модерен и одржлив развој, да биде град со вистинска рефлексија на современото живеење, град со похумани вредности, поголемо взаемно разбирање и толеранција. Потребно му е способно и одговорно справување со современите ризици. Кочани заслужува да се создадат предвидливи услови за граѓаните да ја препознаат својата иднина во родното место.

Тимската работа во која ќе доминираат стручните знаења и способности, широка институционална соработка, чесност и транспарентност ќе бидат одлики на мојата работа како градоначалник и начин на остварувањето на поставените цели.

Ќе бидам отворен за прифаќање на сите корисни идеи, мислења и сугестии за просперитетот на Кочани.

Следниот мандат како градоначалник ќе се посветам на реализација на повеќе програми и проекти меѓу кои приоритетни ќе бидат:

- Решавање на сообраќајниот метеж во градот;
- Поттикнување на услови за урбано и комунално уредување на Пониква како локација за развој на туризамот;
- Уредување на коритата на Масалница и Кочанска река со водење сметка за сите еколошки стандарди;
- Понуда на ново , модерно , естетско и достапно за сите парковско решение на нова локација;
- Завршување на процесот на пречистување на отпадните води со опфат на сите населени места;
- Заложба за брза реализација на проектот брана „Речани„.

Кочани заслужува промени .

Доаѓаат подобри времиња .

Сложно и заедно да стигнеме до успесите .

Благодарам

Љупчо Папазов,
кандидат за градоначалник на Кочани.

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА КОЧАНИ

## РЕШАВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИОТ МЕТЕЖ

Неопходна е ревизија на започнатиот проект за ул. „Стево Теодосиевски“ бидејки крстосниците со ул. „Димитар Влахов“ и кај мостот на реката, со понуденото решение уште повеќе ќе го закочат протокот на возила во централното подрачје. Изградбата на катна гаража на најпогодна локација ќе ги ослободи сообраќајниците од паркираните возила, а со изградбата на новиот јужен влез товарниот сообраќај ќе биде минато во централното градско подрачје, а Кочани ќе заличи на модерен урбан град со булеварски влез. Ревизија на постоечкото решение за ул. „Стево Теодосиевски“ и понуда на ново.

**Рок на реализација:** Веднаш по преземање на функцијата (2021)

**Извор на финансирање:** Општински буџет

## ИЗГРАДБА НА КАТНА ГАРАЖА И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ПАРКИРАЊЕТО ВО ГРАДОТ

**Рок на реализација:** 2023-2024 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет и ЈПП (јавно приватно партнерство)

## НОВ ЈУЖЕН ВЛЕЗ ВО ГРАДОТ ОД СТРАНА НА ОБИКОЛНИЦАТА А3

**Рок за извршување:** 2022-2024 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (ЈПДП)

## УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА КОЧАНСКА РЕКА ОД МЕСНОСТА БАВЧАЛУК ДО КРАЈОТ НА ГРАДОТ

Со овој капитален проект Кочанска река ќе се исчисти од многугодишниот нанос на талог и песок и реката ќе се врати на некогашните коти, со што пропусната моќ на коритото ќе се зголеми за евентуални големи води, ќе се симне нивото на подземните води, а со тоа подрумските простории на околните објекти околу реката кој сега постојано се поплавуваат ќе бидат заштитени, новото минорно корито ќе овозможи пешачки патеки и простор за

рекреација, а изградбата на двата сообраќајни моста кои граѓаните постојано ги бараат, ќе ги поврзат левата и десната страна од градот со што комуникацијата во овие делови ќе биде многу по брза и безбедна.

## ЧИСТЕЊЕ НА НАТАЛОЖЕНИОТ НАНОС И СИМНУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА ПРВИЧНАТА КОТА

**Рок за извршување:** 2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МЖСПП)

## ФОРМИРАЊЕ НА НОВО МИНОРНО КОРИТО

Формирање на ново минорно корито и уредување на преостанатиот дел од речното корито со пешачки патеки и други содржини

**Рок за извршување:** 2024 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МЖСПП)

## ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИ МОСТОВИ

Изградба на два нови сообраќајни моста кај џамијата и за поврзување на улиците „Вера Которка“ и „Лазар Андонов“

**Рок за извршување:** 2023-2024 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет(Министерство за транспорт и врски)

## ЛОКУБИЈА ГРАДСКИ ПАРК

Граѓаните на Кочани заслужуваат простор во градот каде што ќе можат да го минуваат времето во пријатни прошетки и рекреација, зелени површини каде  ќе можат да се одмараат, а во исто време Споменикот на слободата да го претворат во збиралиште за одржување на културни манифестации на отворено, со што Лукубија ќе се претвори во привлечна дестинација за кочанчани и сите гости во градот.

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет и ЕУ - ИПА фондови

- Оформување на целосна водоводна и канализациона инфраструктура;
- Уредување на пристапните патишта и паркинг простор;
- Облагородување и целосно хортикултурно решение;
- Осветлување и естетско истакнување на локалитетот.

## УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКА МАСАЛНИЦА

Досегашната негрижа за речното корито на река Масалница создаде наноси и обраснатост со разни дрва и плевели со што е намалена пропусната моќ, што претставува потенцијална опасност од поплави, а со уредувањето и чистењето на коритото и изградбата на кејската улица се до спојот со магистралниот пат, опасност од поплави ќе нема, а Оризари ќе добие урбан и модерен лик.

**Рок за извршување:** 2024

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МЖСПП), ЕУ донации

## ИЗГРАДБА НА ЦЕЛОСНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПОНИКВА

Со изградена целосна инфраструктура се создаваат услови Пониква да се претвори во модерен туристички центар во источниот дел на државата, со што ќе се создадат услови за привлекување на повеќе инвеститори, кои би инвестирале во поголеми туристички капацитети. Ќе се забрза изградбата на индивидуалните објекти во викенд населбата, ќе се создадат услови за целосно искористување на потенцијалите во текот на целата година, а со тоа и ќе се зголеми бројот на гости од земјата и од странсвтво и ќе се забрза развојот на туризмот како стопанска гранка која ќе отвори нови работни места во општината.

**Рок за извршување:** Реализацијата на овие проекти ќе се одвива во текот на сите 4 години.

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет и ЕУ фондови

- Изградба на брана на Арамиска чешма;
- Организиран систем за водоснабдување;
- Одведување и прочистување на отпадните води;
- Изградба на улиците и проширен паркинг простор;
- Доурбанизација на Пониква како предуслов за нови хотелско угостителски капацитети.

## ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Со одлуката за поврзување на Виница со Пречистителната станица во с. Мојанци се создадени услови за продолжување на втората фаза од Договорот со Швајцарската конфедерација за поврзување на преостанатите села во Општина Кочани со колекторскиот систем кој е поврзан со Пречистителната станица во с. Мојанци, со што во целост се решава проблемот со отпадните води односно фекалната канализација со што се решава еден голем проблем од областа на заштита на животната средина.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ МРЕЖИ ВО

Д. ПОДЛОГ, Г.ПОДЛОГ, ГРДОВЦИ,ПРИБАЧЕВО И ПОВРЗУВАЊЕ СО ПСОВ

**Рок за извршување:** Во корелација со рокот за изградба на колекторот Виница – Пречистителна станица за отпадни води во Мојанци

**Извор на финансирање:** Општински буџет и SECO Швајцарска конфедерација.

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ТРКАЊЕ

Изградба на канализација во с.Тркање заедно со опфат и на компанијата „Амфенол“ и поврзување со колекторот на ПСОВ

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет и SECO Швајцарска конфедерација.

## ЗАЛОЖБА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ БРАНА РЕЧАНИ

Време е веќе сите да се обединиме и да се заложиме да се забрза со динамиката за изградбата и реализацијата на еден од најзначајните проекти за општината и регионот браната Речани, која ќе обезбеди по квалитетна и поевтина вода за пиење за овој регион и вода за наводнување за околу 500 ха земјоделско земјиште.

**Рок за извршување:** До целосна реализација на проектот

**Извор на финансирање:** Републички буџет (МЗШВ).

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАРЕЧКИ ДОМ

Изградбата на овој објект за нашите по возрасни граѓани е од витално значење. Овој објект е од големо значење не само за нашите сограѓани туку за оваа популација од целиот Источен регион бидејќи со неговата изградба ќе се створат услови за сместување на овие лица за да можат пензионерскиот период безгрижно да го минуваат бидејќи би бил единствен од таков вид во регионот, а условите за реализација се створени со утврдена прекрасна локација и изготвен основен проект за реализација.

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Републички буџет (МТСП).

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА

Недостатокот на Градска спортска сала е една од причините за досегашната состојба со врвните колективни и поединечни спортови во нашата општина кои бараат посебни услови. Со изградбата на овој објект ќе се створат услови за враќање на некогашниот сјај на кошарката, ракометот, борењето и поединечните спортови кои во не така далечни времиња беа гордост за нашиот град, а со тоа ќе ги поттикнеме младите да се свртат кон спортските активности и оттргнат од пороците на денешницата.

**Рок за извршување:** 2023-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Агенција за млади и спорт, ЈПП





# 3. КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

## АСФАЛТИРАЊЕ НА СИТЕ УЛИЦИ ВО ГРАДОТ И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Време е веќе да се заврши со асфалтирање на сите улици во градот и населените места, а граѓаните да ги почувствуваат благодатите на урбаната средина.

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Агенција за финансиска поддршка на руралниот развој.

## ЗАМЕНА НА ГЛАВНИОТ ПОТИСЕН ЦЕВКОВОД Ф 500 ОД ГРДОВСКИ ОРМАН ДО КЛУЧКА 1

Со реализација на овој проект ќе се дозаврши веќе започнатата промена на главниот потисен цевковод, со што загубите на водата за пиење во голема мера ќе се намалат, а и ќе се подобри квалитетот на водата.

**Рок за извршување:** 2021-2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донација

## ИЗГРАДБА НА ПРЕПУМПНИ СТАНИЦИ ЗА СТАБИЛНО И КВАЛИТЕТНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Со изградбата на овие пречистителни станици ќе се реши недостатокот на вода за пиење во летниот период во високите зони во градот.

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ИЗГРАДБА НА НОВ БУНАР ВО КОМПЛЕКСОТ БУНАРИ „ГРДОВСКИ ОРМАН“

Со изградба на нов бунар ќе се прошират капацитетите на бунарите од каде градот се снабдува со вода за пиење, со што и снабдувањето на граѓаните со вода ќе биде по сигурно.

**Рок за извршување:** 2023 година

**Извор на финансирање:** Донации.

## ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИ МОСТОВИ КАЈ ЏАМИЈАТА И ПОВРЗУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ „ЛАЗАР АНДОНОВ“ И „ВЕРА КОТОРКА“

**Рок за извршување:** 2023 2024 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МТВ).

## ИЗГРАДБА НА НОВА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА ОД ЈУЖНИОТ ВЛЕЗ ВО ГРАДОТ ДО МУСЛИМАНСКИТЕ ГРОБИШТА

Со изградбата на оваа улица која ќе се поврзе со јужниот влез во градот товарниот сообраќај директно ќе се насочи кон индустриската зона, со што ќе се избегне движењето на товарните возила низ централното градско подрачје.

**Рок за извршување:** 2024-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## СРЕДУВАЊЕ НА ПОКРИЕНИОТ ГРАДСКИ ПАЗАР И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КОНТИНУИРАНИ ПАЗАРНИ ДЕНОВИ

**Рок за извршување:** 2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ПОСЕБНА ГРИЖА И РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ИМОТОТ НА ОПШТИНАТА

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет



# 4. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## НОСЕЊЕ НА НОВИ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

По донесувањето на новиот Генерален урбанистички план на град Кочани во 2015 година се јави потреба на донесување нови Детални урбанистички планови на ново формираните градски четврти. За да се задоволат потребите на граѓаните ќе се посвети посебно внимание на ова со цел да се забрзаат овие постапки со што ќе се овозможи и поинтензивна градба.

**Рок за извршување:** 2021-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА ИЗВЕДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ФАСАДИ/ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВНИ ПОВРШИНИ НА ОБЈЕКТИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ

Со субвенционирањето за изградба на енергетско ефикасни фасади и реконструкција на кровни површини кај објектите за колективно домување, ќе ги подобриме условите за живот на граѓаните на Општина Кочани.

**Рок за извршување:** 2022-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## АФИРМИЦИЈА НА МАСОВНО ПОШУМУВАЊЕ

Почиста и здрава животна средина за нас е врвен приоритет и затоа целосно ќе се посветиме на масовно пошумување.

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МЗШВ).

## РАЗВИВАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА СОБИРАЊЕ, СЕЛЕКТИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАДОТ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** ЕУ фондови.

## ЗАМЕНА НА СИТЕ НЕСТАНДАРДНИ САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД

**Рок за извршување:** 2022 година

**Извор на финансирање:** ЕУ фондови.

## ЗАТВОРАЊЕ И КОНЗЕРВИРАЊЕ НА ЃУБРЕ И ИЗГРАДБА НА ЕКО-ПАРК НА М.В. ТУПАНЕЦ

Со изградбата на ново планираната регионална депонија, во Кочани ќе се изгради нова претоварна станица за транспорт на отпад, а сегашната Депонија ќе треба да се затвори и конзервира, а на нејзиното место ќе изградиме еко-парк со што овој простор би добил сосема нов лик.

**Рок за извршување:** 2022-2025 година

**Извор на финансирање:** ЕУ фондови, Републички буџет (МЖСПП).

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА РЕГИСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ НА ВОЗДУХОТ И ПОЧВАТА ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

**Рок за извршување:** 2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.



# 5. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗАМ

Кочани град на старт-ап претприемништво – формирање на бизнис инкубатор со цел развој на претприемнички компании во соработка со двата училишни центри во градот.

**Рок за извршување:** 2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ИНДУСТРИСКА ЗОНА НА ПРОСТОРОТ НА ПОРАНЕШНАТА ФАБРИКА ЗА ХАРТИЈА

За реализација на оваа индустриска зона веднаш ќе пристапиме со расчистување на имотно правните работи и решавање на инфраструктурата како би можеле градежните парцели да ги понудиме на продажба по поволни услови на домашни и странски инвеститори.

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЈНАТА ИНДУСТРИСКА ЗОНА НА ПРОСТОРОТ НАД КАНАЛОТ (М.В. ДРАЧЕВИК) СО ИЗГРАДБА НА ЦЕЛОСНА НОВА ИНФРАСТРУКТУРА

За реализација на овој проект ќе пристапиме кон урбанизација на овој простор и потоа изградба на целосна инфраструктура како би можеле и овој простор да го понудиме на домашни и странски инвеститори за изградба на индустриски објекти кои ќе го подобрат и забрзат развојот на Општина Кочани.

**Рок за извршување:** 2023-2024 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ЗАЛОЖБА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА НАЦИОНАЛНИОТ ГАСОВОДЕН СИСТЕМ И ПОВРЗУВАЊЕ НА КОЧАНИ СО ИСТИОТ

Поврзувањето на Кочани на националниот гасоводен систем за нас претставува стратешка цел од витално значење и за реализација на таа цел целосно ќе се заложиме со лобирање кај сите институции и можни инвеститори.

**Рок за извршување:** Континуирано во согласност до државна стратегија за енергетика

**Извор на финансирање:** /

## ИЗГРАДБА НА КЛУЧНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПОНИКВА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНИНСКИОТ ТУРИЗАМ

**Рок за извршување:** 2021-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет, ЕУ фондови.

## СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА НА СПА-ЦЕНТАР

Богатството со геотермална вода во Општина Кочани е голем предуслов за развој и изградба на Спа-центри. За таа цел, преку урбанизација и уредување на простори, ќе создадеме предуслови за привлекување на инвеститори кои ќе инвестираат во изградба на Спа-центри.

**Рок за извршување:** 2021-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## СТИМУЛИРАЊЕ НА БАНСКО-РЕКРЕАТИВНИОТ ТУРИЗАМ СО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ГЕОТЕРМАЛНИТЕ ВОДИ

Кочани има одлични предуслови за развој на банско-рекреативен туризам и заради тоа ќе инвестираме во развој на мрежа за дистрибуција на геотермалната вода.

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## РАЗВОЈ НА УСЛОВИ ЗА МАНАСТИРСКИ ТУРИЗАМ НА ЛОКАЦИИТЕ СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, СВ. ВАСИЛИЈ, КАЈ ДАБОТ И ДОБРА ВОДА

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## РЕСТАВРАЦИЈА НА „ДАБОТ“

Вклучувајќи ги сите придружни содржини, природен споменик кој ќе поттикне развивање на масовниот туризам, воедно и привлекување на гости од поширокото регионално окружување.

**Рок за извршување:** 2022 година

**Извор на финансирање:** Републички буџет ( Министерство за култура).



# 6. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ИКТ РАЗВОЈ

За да се вклучиме во модерните текови  и да го олесниме пристапот на граѓаните до општината мора да посветиме внимание на администрацијата и ИКТ развојот на институцијата. За таа цел преку инвестирање во нови и модерни ИКТ технологии и современи обуки на административните службеници ќе создадеме локална самоуправа и институција кој ќе биде модерен и лесно достапен сервис на нашите граѓани.

## ЦЕЛОСНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ДОКУМЕНТИ И РЕШЕНИЈА ИЗГОТВУВАНИ ОД ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТЕН НАЧИН ЗА ИЗБОР НА РАКОВОДИТЕЛИ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ПО ПАТ НА ЈАВЕН КОНКУРС

**Рок за извршување:** Трајна заложба

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ИНТЕРАКТИВНА И ЕФИКАСНА ВЕБ-СТРАНИЦА НА ОПШТИНАТА СО ОЛЕСНЕТ ПРИСТАП ДО СИТЕ КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР И НИВНО РЕДОВНО АЖУРИРАЊЕ

**Рок за извршување:** 2021-2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ ЗА ЦЕЛОСНО ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕТО НА БУЏЕТОТ И БУЏЕТСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНАТА

**Рок за извршување:** 2021-2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ИЗРАБОТКА НА ГИС ПОРТАЛ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## КРЕИРАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА КОЧАНИ КАКО ПРИВЛЕЧНА И ПОСАКУВАНА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА ДИГИТАЛНИ НОМАДИ

Модерното време создава услови за привлекување на дигитални номади кои би придонеле во развојот на економијата на Општина Кочани и за таа цел ќе изработиме стратегија со која би овозможиле привлекување на вакви лица.

**Рок за извршување:** 2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.





# 7. ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИ

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО СИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КОЧАНИ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински Буџет.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА КАДЕ ШТО Е ПОТРЕБНО

**Рок за извршување:** 2021-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МОН), Донации.

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ВО ОУ „РАДЕ КРАТОВЧЕ“

Од сите основни училишта во нашата општина, единствено основното училиште „Раде Кратовче“ нема спортска сала во која учениците би спортувале и одржувале настава по физичко образование. Заради тоа ќе изградиме училишна спортска сала како еден од предусловите за правилен физички развој на учениците.

**Рок за извршување:** 2023-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МОН).

## СТИПЕНДИРАЊЕ И МОТИВАЦИЈА НА ОДЛИЧНИТЕ УЧЕНИЦИ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ГРИЖА ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА УЧЕНИЦИ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И СООДВЕТНИ МОЖНОСТИ ЗА МОБИЛНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО СО ЦЕЛ ЗБОГАТУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ЕДУКАЦИЈА (ЕРАЗМУС+)

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, ЕУ фондови.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА МЛАДИНСКИОТ СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

Ќе создадеме услови и ќе го стимулираме младинскиот активизам преку работата на Младинскиот совет со цел младите нашата општина да си го најдат своето место.

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## КРЕИРАЊЕ ПОВЛАСТЕНИ МЕРКИ ЗА МЛАДИТЕ ВО ОДРЕДЕНИ СФЕРИ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, ЕУ фондови.

# СПОРТ

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИТЕ ФУДБАЛСКИ ИГРАЛИШТА ВО СЕЛАТА

Со реконструкција на фудбалските игралишта во селата кои во моментот се во многу лоша состојба и нефункционални, ќе создадеме услови за развој на фудбалот и другите масовни спортови во сите населени места во нашата општина.

**Рок за извршување:** 2022-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## ЗАЛОЖБА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА ГФК-„ОСОГОВО“

За да може фудбалскиот клуб „Осогово“ да се врати на старите патеки и да се развива во модерен фудбалски клуб како што сите граѓани од нашата општина посакуваат, потребно е да се изнајде сериозен стратешки партнер кој би инвестирал во клубот. За остварување на оваа цел, целосно ќе се заложиме преку давање поволности кои општината може да ги понуди.

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** /

## ПОДДРШКА НА МАСОВНИОТ СПОРТ ЗА РАЗВОЈ НА ПОМАЛКУ ЗАСТАПЕНИТЕ СПОРТОВИ

Со обезбедување посебни средства во Општинскиот буџет, барање на донации од разни извори и поволни услови за користење на спортските сали ќе дадеме придонес за развој на помалку застапените спортови.

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## ПРОМОЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПЛАНИНСКИ АВАНТУРИСТИЧКИ СПОРТОВИ

Осоговските планини се одлична дестинација за развој на планинските авантуристички спортови. За да привлечеме домашни и странски спортисти и туристи, вљубеници во овие спортови, ќе посветиме посебно внимание на промоцијата на овие благодати што ги нудат овие терени.

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## ГРИЖА ЗА ЕФИКАСНО И РАЦИОНАЛНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СИТЕ СПОРТСКИ САЛИ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ИЗГРАДБА НА ГРАДСКА СПОРТСКА САЛА

**Рок за извршување:** 2023-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Агенција за млади и спорт, ЈПП.

## РЕНОВИРАЊЕ НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН „НИКОЛА МАНТОВ“

Кочани заслужува да има модерен и современ градски стадион. Со реконструкција на трибините, подтрибинскиот простор и реновирање на фудбалскиот терен кочаншани би добиле модерен храм на фудбалот каде ќе го негуваат спортскиот дух.

**Рок за извршување:** 2023-2024 година

**Извор на финансирање:** Донации (ФФМ).



# 8. КУЛТУРА

## ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ДАФ“

Општина Кочани ќе дава целосна финансиска и логистичка поддршка на една од најстарите културни манифестации како би можело оваа манифестација да се подигне на уште повисоко ниво, се со цел да послужи за промоција на нашиот град како врвна културна дестинација..

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински Буџет.

## ПРОМОЦИЈА НА МЛАДИ И КРЕАТИВНИ КАДРИ ВО КУЛТУРАТА

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ГРАДСКАТА БИБЛИОТЕКА СО МОДЕРНИ СОДРЖИНИ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет.

## РЕАКТИВИРАЊЕ НА ЕТНО КУЌАТА И ОТВОРАЊЕ НА СУВЕНИРНИЦА ВО СКЛОП НА ИСТАТА

Етно- куќата заслужува да биде препознатлив белег на нашиот град, кој ќе привлекува перманентно посетители каде што ќе можат да го запознаваат културното наследство на нашиот регион. Во неа ќе обезбедиме простор за сувенирница како би можеле посетителите да си обезбедат спомени од посетата.

**Рок за извршување:** 2021-2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ЗАЛОЖБА ЗА ОТВОРАЊЕ НА МУЗЕЈ НА ГРАДОТ СО АРТЕФАКТИ ОД КОЧАНИ И КОЧАНСКО

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Министерство за култура.

### ЗАЛОЖБА ЗА РЕСТАВРИРАЊЕ НА СПОМЕНИКОТ НА СЛОБОДАТА КАКО КУЛТНО МЕСТО ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНИ НА ОТВОРЕНО

Споменикот на слободата е препознатлив белег на градот Кочани. Затоа треба да го чуваме и да го негуваме. За да биде и остане култно место за организирање на настани ќе се заложиме Министерството за култура, во чија надлежност е, да изврши реставрирање на истиот.

**Рок за извршување:** 2022-2024 година

**Извор на финансирање:** Министерство за култура.

# 9. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

### ДООПРЕМУВАЊЕ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ ВО ТППЕ КОЧАНИ И КОРИСТЕЊЕ НА СОВРЕМЕНИ ТЕХНОЛОГИИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

За да може ТППЕ да ги извршува квалитетно своите работни задачи потребна е современа и квалитетна опрема, која ќе ја обезбедиме, како би можеле нашите пожарникари заштитени да ги совладуваат предизвиците.

**Рок за извршување:** 2022 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет.

### НАБАВКА НА НОВИ ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА ЗА ТППЕ КОЧАНИ

Застарениот возен парк на ТППЕ налага набавка барем на едно противпожарно возило, кое во наредниот период ќе планираме да го набавиме, за ефикасно извршување на задачите.

**Рок за извршување:** 2022-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет, Донации.

## ВЕЖБИ И ОБУКА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА ЗА ПОГОЛЕМА ПОДГОТВЕНОСТ И СТРУЧНОСТ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ФОКУС НА ФОРМИРАЊЕ ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ДРУШТВА

**Рок за извршување:** 2022-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ ШУМСКИ ПОЖАРИ ВО ОКОЛИНАТА

Успешно и навремено совладување на пожарите бара и навремено откривање на истите. За таа цел ќе обезбедиме опрема за рано откривање шумски пожари во околината.

**Рок за извршување:** 2023-2024 година

**Извор на финансирање:** ЕУ фондови, Донации.



# 10. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## ОТВАРАЊЕ НА КЛОН ОД ДЕТСКА ГРАДИНКА ПАВЛИНА ВЕЛЈАНОВА ВО С. ТРКАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА НОВИ ПРОСТОРИИ

Со изградба на нови простории до Основното училиште во с.Тркање ќе отвориме клон на детската градинка „Павлина Велјанова“ за згрижување на децата.

**Рок за извршување:** 2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МТСП).

## ОТВАРАЊЕ НА КЛОН ОД ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ЗАЕДНИЧКИ ЗА СЕЛАТА ГОРНИ ПОДЛОГ, ДОЛНИ ПОДЛОГ И МОЈАНЦИ

Местоположбата на овие три села е добра основа за отворање клон на детската градинка „Павлина Велјанова“ за згрижување на децата од овие села.

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Републички буџет (МТСП).

## ИЗГРАДБА НА СОЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ ЗА ЛИЦАТА НАСЕЛЕНИ ВО ОБЈЕКТОТ СТАРА КАСАРНА

Со изградба нна нови социјални објекти за лицата населени во објектот Стара Касарна на соодветна, прифатлива локација ќе се створат услови за расчистување на објект кој претставува горлив проблем и можен извор на зараза.

**Рок за извршување:** 2022 година

**Извор на финансирање:** Донации.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ФОНДОВИ ЗА ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

## ОТВОРАЊЕ НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО АУТИЗАМ

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАРЕЧКИ ДОМ

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Републички буџет (МТСП).

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МОБИЛНИ СЕРВИС-СЛУЖБИ ЗА ПОМОШ НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## НВО И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА И АПЛИЦИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ - СТИМУЛИРАЊЕ НА АКТИВИЗМОТ, КРЕАТИВНОСТА И РАЗВИВАЊЕ НА ПРОЕКТНИ ИДЕИ

Општина Кочани мора да им даде логистичка поддршка на НВО во процесот на подготовка и аплицирање на проекти се со цел да им помогне да можат да се реализираат што повеќе проекти кои ќе придонесат во развојот и подобрување на условите за живот во општината.

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## РАЗВОЈ НА СЕКТОР ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ ВО ОПШТИНАТА СО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ КАДРИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ПРЕД ДОСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ И ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ОПШТИНАТА ПО ЕУ СТАНДАРДИ

**Рок за извршување:** 2022-2023 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет, ЕУ донации.

## СОЗДАВАЊЕ НА ПРЕДУСЛОВИ ЗА ПАРТНЕРСКИ НАСТАП СО ЛОКАЛНИ, РЕГИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ ВО АПЛИЦИРАЊЕТО ЗА ПРОЕКТИ ПРЕД МЕЃУНАРОДНИ ФОНДОВИ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет, Донации.

## НЕГУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ СО ПАРТНЕРСКИТЕ (ЗБРАТИМЕНИ) ОПШТИНИ ОД СТРАНСТВО И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ОДНОСИ СО ГРАДОВИ ОД ДРУГИ ДРЖАВИ

**Рок за извршување:** Континуирано

**Извор на финансирање:** Општински буџет.

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk